Врз основа на член 31 и член 35 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ“ бр. 52/2010 и 35/2011 и 55/2016) и член 7 од Статутот на Фондацијата (од 26.09.2018), извршната директорка на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ ја предлага следната

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**на**

**Фондација„ Со срце за Крива Паланка“ за 2025 година**

Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ е основана како правен субјект од страна на Општина Крива Паланка, а нејзина цел е развој на културата и филантропските активности преку реализирање на проекти, размена на идеи и искуства и промоција на Крива Паланка пред домашната и меѓународната јавност.

Фондацијата има клучна улога во поддршката на уметноста и културните иницијативи. Таа обезбедува финансиски средства и ресурси и реализира проекти и програми со кои се поттикнуваат креативноста и иновациите во заедницата. Исто така, Фондацијата промовира и социјална одговорност и заедништво, поттикнувајќи го активизмот, волонтеризмот и донаторството. Реализацијата на овие иницијативи ја збогатуваат културната сцена и придонесуваат за развојот на локалната заедница.

Фондацијата ќе даде придонес за унапредување на локалниот развој, создавање услови за подобрување на квалитетот на живот и имплементација на проекти кои се од општ и заеднички интерес на општината. Исто така, ќе делува кон обединување и соработка со сите релевантни фактори во општината, државата и на меѓународен план, со посебен акцент на истакнати личности и граѓани од Крива Паланка, кои со своите капацитети, искуства и експертиза можат да дадат придонес за развој на културата, филантропијата и хуманоста.

Нашето мото е "Заедно за културата и филантропијата".

**<u>ЦЕЛИ</u>**

Основни цели на Фондацијата „Со срце за Крива Паланка“ се:

1. **Реализација на културни активности**: Обезбедување финансиски средства и ресурси за реализација на културни проекти и настани.
2. **Филантропски активности**: Организирање на кампањи и промоција на Фондацијата за привлекување донаторски средства за развој на културата и социјалниот живот на заедницата.
3. **Зголемување на свеста**: Подигнување на јавната свест за важноста на културата и хуманоста во општеството.
4. **Соработка и партнерства**: Организирање на настани и средби кои поттикнуваат соработка, размена на идеи и воспоставување партнерства.
5. **Поддршка на иновации**: Поттикнување на нови уметнички форми и иновации во културната продукција.

6. **Унапредување на социјалната праведност**: Поддршка на проекти кои се фокусираат на социјални проблеми и рамноправност.

**АКТИВНОСТИ**

- **Спроведување на кампања „Концертен клавир за Крива Паланка“**

Кампањата за обезбедување на концертен клавир започна во 2024 година во рамките на „Крива Паланка-Град на културата“ преку која беа собрани одредени финансиски средства. Истата продолжува и во 2025 година, со цел обезбедување на дополнителна финансиска поддршка и донации со надеж дека ќе бидат собрани доволно средства за обезбедување на овој музички ресурс.

Со набавката на концертен клавир видно ќе се зголемат можностите на општината и културните институции за организирање на настани и настапи на еминентни уметници.

- **Манифестација „Сусурига“**

Манифестацијата за првпат е востановена минатата година и е посветена на традиционалниот обичај на палење „сусурига“ и маскирање по повод верскиот празник Прочка.

Активности: Фестивал под маски (групни маски) и придружна програма, традиционално палење на оган и други традиционални обичаи, со цел заживување на замрената кривопаланечка традиција.

- **Одбележување на Денот на Ромите „7-ми Април“**

По повод денот на Ромите предвидена е пригодна свеченост, со цел да се зголеми свеста за културното наследство и правата на Ромите, инклузија и почитување на различностите во општеството, како и придонес против дискриминацијата на оваа етничка заедница.

- **Одбележување на Денот на сесловенските просветители „Свети Кирил и Методиј“**

Оваа манифестација вклучува свечена академија по повод празникот, доделување на награди за најдобар просветен работник и најдобар ученик и свечен концерт (Симон Трпчевски)

- **Одбележување на патрониот празник на Општина Крива Паланка „Свети Јоаким Осоговски“**

Настанот предвидува организирање на концерт на градот со настап на познати музички ѕвезди.

- **Прослава и пригодни свечености по повод Денот на ослободувањето на Општина Крива Паланка „8-МИ ОКТОМВРИ“**

Активности: Свечена академија, доделување на награди и признанија на поединци и организации, свечен концерт, традиционална манифестација „Шопска софра“.

- **Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост -3-ти Декември**

Организирање еднодневна екскурзија на штитениците на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост

- **Новогодишен базар**

Активности: Предновогодишни празнувања/ фестивал, културни и музичко-сценски настани, концерти и изложби, дневна и вечерна предновогодишна музичка програма, програма за најмладите со кловнови, жонглери и Дедо Мраз.

- **Ажурирање и редизајнирање на веб страница на Фондацијата**

Редизанирање и модернизирање на изгледот и содржината на веб страницата http://www.visitkrivapalanka.com/ за подобро информативно искуство и функционалност.

- **Подготовка на проекти и апликации до соодветни фондови**

Развивање на проекти и пишување апликации за финансирање од фондови кои поддржуваат слични иницијативи.

- **Организирање на донаторски средби**

Планирање и спроведување на настани за привлекување донатори и потенцијални поддржувачи.

- **Промотивни активности**

Организирање на маркетиншки и јавни настани за зголемување на свеста за работата на фондацијата и нејзините цели.

Сите активности ќе бидат реализирани во соработка и партнерство со Општина Крива Паланка, ЛУ Градски музеј Крива Паланка, НУ Центар за култура Крива Паланка и други локални и национални установи, здруженија и поединци.

**Табела 1.**

| Активности | Носител на активноста | Партнери / Коорганизатори | Планирани активности | Родови индикатори /резултати | Средства (изразени во денари) | Период на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Спроведување на кампања „Концертен клавир за Крива Паланка“** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | Општина Крива Паланка<br><br>ЛУ Градски музеј<br><br>НУ Центар за култура | -Донаторски средби<br>-Кампањи за време на културни настани и др.<br>-Онлајн кампањи<br>-Спонзорирани објави | Број на мажи/жени/друго | донации | Јануари-Декември 2025 |
| **Манифестација „Сусурига“** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“<br><br>Општина Крива Паланка | ЛУ Градски Музеј<br><br>НУ Центар за култура | - Дефиле под маски<br>-Презентација на маски<br>Традиционално палење на оган и други традиционални обичаи<br>-Придружна програма | Број на мажи/жени/друго | 200.000 | Март (Прочка) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одбележување на Денот на Ромите „7-ми Април“** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“<br>Општина Крива Паланка | / | -Организирање на свечена прослава | Број на мажи/жени/друго | 100.000 | 7 април |
| **Одбележување на Денот на сесловенските просветители „Свети Кирил и Методиј“** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“<br>Општина Крива Паланка | НУ Центар за култура | -Свечена академија<br>-Доделување на признанија за најдобар просветен работник и најдобар ученик<br>-Свечен концерт (Симон Трпчевски) | Број на мажи/жени/друго | 200.000 | 24 мај |
| **Одбележување на патрониот празник на Општина Крива Паланка „Свети Јоаким Осоговски“** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“<br>Општина Крива Паланка | ЛУ Градски Музеј<br>НУ Центар за култура | Концертен настан со учество на еминентни уметници | Број на мажи/жени/друго | 1.500.000 | 28 август |
| **Прослава и пригодни свечености по повод Денот на ослободувањето на Општина Крива Паланка „8-МИ ОКТОМВРИ“** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“<br>Општина Крива Паланка | ЛУ Градски музеј<br>НУ Центар за култура<br>Здруженија на граѓани<br>Политички партии<br>Локални институции и установи | - Свечената академија<br>- Доделување на Осмооктомвриски награди и признанија<br>- Свечен концерт<br>- Манифестација „Шопска софра“ | Број на мажи/жени/друго | -200.000<br>-200.000<br>Вкупно: 400.000 | 8 октомври |
| **Новогодишен базар** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“<br>Општина Крива Паланка | Покровител<br>Општина Крива Паланка | Предновогодишни празнувања/ фестивал, со културни и музичко-сценски настани, концерти и изложби, дневна и вечерна предновогодишна музичка програма, програма за најмладите со кловнови, | Број на мажи/жени/друго | 1.500.000 | 25-31 декември |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | жонглери и Дедо Мраз | | | |
| **Ажурирање и редизајнирање на веб страница на Фондацијата** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | / | -Редизајн<br>-Нови содржини<br>-Хостинг | Број на мажи/жени/друго | / | 2025 |
| **Подготовка на проекти и апликации до соодветни фондови** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | / | -Следење на отоврени повици<br>-Изработка на проектни документации | Број на мажи/жени/друго | / | 2025 |
| **Организирање на донаторски средби** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | / | -Организирање на состаноци<br>-Донаторски конференции | Број на мажи/жени/друго | / | 2025 |
| **Промотивни активности** | Фондација „Со срце за Крива Паланка“ | / | -Спонзорирани објави<br>-Објави на веб и Фејбук страница<br>-Изработка на флаери, брошури | Број на мажи/жени/друго | | 2025 |
| **Вкупно** | | | | | **3.900.000** | |

**<u>Буџетски средства</u>**

| | |
|---|---|
| Оперативни трошоци и надоместоци (хонорар и персонален данок) | 720.000 ден. |
| Програмски активности | 3.900.000 ден. |
| **Вкупно** | **4.620.000 ден.** |

Активностите предвидени со програмата ќе се финансираат со посебни ставки од буџетот на Општина Крива Паланка, а ќе се бара поддршка и од други фондови донатори.

По потреба програмата ќе се дополнува со други активности, во согласност со целите на Фондацијата.

Фондација „Со срце за Крива Паланка“
Извршна директорка

-----------------------------------
Жаклина Цветковска